РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 47-2375/8

11.12.2017 година

СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008 167/2010 и 51/2011), член 39 став 2 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014 и 27/2016), а во врска со член 22 од Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/2015), на _____._____.2017 година, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија

### Член 1

Со овој правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 43-5893/1 од 9.6.2015 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 43-5893/5 од 23.11.2015 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 04-5107/1 од 28.6.2016 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 04-5107/4 од 14.7.2016 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 47-2375/1 од 30.5.2017 година и Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 47-2375/3 од 4.8.2017 година во член 11, во точка 1. Сектор за стручно-оперативна и логистичка поддршка на генералниот секретар и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија и министрите без ресор, во потточка 1.6 Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на министер без ресор (Декада на Ромите), после редниот број 58 се додава нов реден број 58-А кој гласи:

| | |
|---|---|
| „Реден број | 58-А |
| Шифра | УПР 01 01 Г02 000 |
| Ниво | Г2 (Помошно-стручен – II ниво) |
| Звање | Виш референт |
| Назив на работното место | канцелариско работење |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководителот на одделение |
| Вид на образование | Вишо образование, Гимназија или Средно стручно образование |
| Други посебни услови | - |

| | |
|---|---|
| Работни цели | Вршејќи работи од обласа на канцелариското работење, има за цел ефикасно, ефективно, квалитетно да го поддржи спроведувањето на работите, а под надзор и контрола на раководителот на одделението. |
| Работни задачи и обврски | - учествува во помошно-стручни, информативно-документациони, административно-технички, статистички и други работи од административна природа;<br>- подготвува материјали, документи и податоци и води евиденција во врска со извршувањето на работите од делокругот на организационата единица;<br>- учествува во процесот на оценување на административните службеници во својата институција и во други институции;<br>- прием, прегледување и рапоредување на документите;<br>- достава на документите за административно-техничка обработка;<br>- води основна евиденција за документите;<br>- испраќа документи до институции“ |

Во член 11, во точка 1. Сектор за стручно-оперативна и логистичка поддршка на генералниот секретар и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија и министрите без ресор, во потточка 1.6 Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на министер без ресор (Декада на Ромите) кај редниот број 59. Помлад референт за документациони работи, во делот број на извршители бројот „2“ се заменува со бројот „1“.

Член 2

Во член 11, во точка 2. Сектор за нормативно-правни работи поврзани со седниците на Владата и работните тела на Владата, кај редниот број 85. Помошник раководител на сектор за нормативно-правни работи поврзани со седниците на Владата и работните тела на Владата од областа на човечките ресурси и одржлив развој, во делот вид на образование, зборовите „Економски науки“ се заменуваат со зборот „Образование“.

Во истиот член и точка, кај редниот број 86. Помошник раководител на сектор за нормативно-правни работи поврзани со седниците на Владата и работните тела на Владата задолжен за подготовка на записници и заклучоци од седници на Владата, во делот вид на образование, зборот „Образование“ се заменува со зборовите „Економски науки“.

Член 3

Во член 11, во точка 13. Сектор за документација и библиотека, кај редниот број 299. Помошник раководител на сектор за документација и библиотека, во делот вид на образование, зборовите „Историски науки, Правни науки“ се заменуваат со зборовите „Економски науки, Организациони науки и управување (менаџмент)“.

Член 4

Во член 11, во точката 16. Сектор за општи работи, во потточка 16.1 Одделние за општи и нормативни работи, кај редниот број 356. Помлад соработник за општи и административни работи, во делот број на извршители бројот „38“ се заменува со бројот „36“.

Член 5

Во член 11, во точка 17. Сектор за економски политики, структурни реформи и инвестиции, кај редниот број 386. Раководител на сектор за економски политики, структурни реформи и инвестиции, во делот вид на образование, зборовите „Економски науки, Правни науки“ се заменуваат со зборовите „Електротехника, Енергетика“.

Во член 11, во точка 17. Сектор за економски политики, структурни реформи и инвестиции, кај редниот број 387. Помошник раководител на сектор за економски политики, структурни реформи и инвестиции, во делот број на извршители бројот „1“ се заменува со бројот „3“.

Член 6

Во член 11, во точка 17. Сектор за економски политики, структурни реформи и инвестиции, во потточка 17.2 Одделение за регионален и одржлив развој, кај редниот број 393. Раководител на одделение за регионален и одржлив развој, во делот вид на образование, зборовите „Организациони науки и управување (менаџмент)“ се заменуваат со „Наука за земјиштето и хидрологија“.

Во член 11, во точка 17. Сектор за економски политики, структурни реформи и инвестиции, во потточка 17.2 Одделение за регионален и одржлив развој, кај редниот број 394. Советник за одржлив развој, во делот вид на образование, зборовите „Биотехнички науки“ се заменуваат со зборовите „Наука за земјиштето и хидрологија“.

Во член 11, во точка 17. Сектор за економски политики, структурни реформи и инвестиции, во потточка 17.2 Одделение за регионален и одржлив развој, кај редниот број 395. Виш соработник за унапредување на земјоделски политики, во делот вид на образование, зборовите „Биотехнички науки“ се заменуваат со зборовите „Наука за земјиштето и хидрологија“.

Во член 11, во точка 17. Сектор за економски политики, структурни реформи и инвестиции, во потточка 17.2 Одделение за регионален и одржлив развој, кај редниот број 396. Соработник за политики за земјоделие, во делот вид на образование, зборовите „Биотехнички науки“ се заменуваат со зборовите „Наука за земјиштето и хидрологија“.

Во член 11, во точка 17. Сектор за економски политики, структурни реформи и инвестиции, во потточка 17.2 Одделение за регионален и одржлив развој, кај редниот број 397. Помлад соработник за поддршка за регионален развој и политики за земјоделие, во делот вид на образование, зборовите „Биотехнички науки“ се заменуваат со зборовите „Наука за земјиштето и хидрологија“.

Член 7

Во член 11, во точка 17. Сектор за економски политики, структурни реформи и инвестиции, во потточка 17.2 Одделение за јавно приватно партнерство и инвестиции, кај редниот број 409. Советник за анализа на ЈПП и инвестиции, во делот вид на образование, зборовите „Економски науки, Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент)“ се заменуваат со зборовите „Електротехника, Компјутерска техника и информатика, Телекомуникационо инженерство“.

Член 8

Во член 11, во точка 17. Сектор за економски политики, структурни реформи и инвестиции, во потточка 17.6 Одделение за стручно-оперативна поддршка на Заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со

економските ресори, кај редниот број 413. Раководител на одделение за стручно-оперативна поддршка на Заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори, во делот вид на образование, зборовите „Организациони науки и управување (менаџмент)“ се заменуваат со зборовите „Политички науки“.

Во член 11, во точка 17. Сектор за економски политики, структурни реформи и инвестиции, во потточка 17.6 Одделение за стручно-оперативна поддршка на Заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори, кај редниот број 414. Советник за оперативна поддршка на ЗПВРМ за економски прашања, неговите кабинетски службеници и вработените во секторот, во делот вид на образование, зборот „Психологија“ се заменува со зборот „Туризам и угостителство“.

Во член 11, во точка 17. Сектор за економски политики, структурни реформи и инвестиции, во потточка 17.6 Одделение за стручно-оперативна поддршка на Заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори, кај редниот број 415. Виш соработник за односи со јавност и стручно-оперативна поддршка на Заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и координација со економските ресори, неговите кабинетски службеници и вработените во секторот, во делот вид на образование, зборот „Психологија“ се заменува со зборовите „Туризам и угостителство“.

Член 9

Сите утврдени измени и дополнувања во овој Правилник се однесуваат и на табеларниот преглед кој е составен дел на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

Член 10

Овој Правилник влегува во сила со објавувањето на огласната табла и на интернет страницата на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, а ќе се објави по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број ____-________/______

____.____.2017

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

м-р Драги Рашковски